Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# План на годишни активности за 2024 година кои произлегуваат од Меморандумот за соработка меѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Државната комисија за спречување на корупцијата 2023 – 2024

## Програма: ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА

| **Активност** | **Опис на активноста** | **Надлежен за спроведување** | **Период на спроведување (прелиминарен)** |
|---|---|---|---|
| **Активност 1. Подигнување на свеста на градоначалниците за концептот на интегритет како политика за спречување на корупцијата** | | | |
| Со цел да се промовира политиката за интегритет и да се обезбеди подобра посветеност на највисокото раководство во единиците на локалната самоуправа, Мисијата на ОБСЕ и ДКСК ќе организираат четири регионални брифинг сесии за градоначалниците од сите 81 единици на локалната самоуправа. Оние кои веќе ја потпишале Декларацијата за политика за интегритет ќе имаат можност да се запознаат со преостанатите обврски за имплементација на елементите на системот за интегритет. Останатите 13 градоначалници ќе се запознаат со концептот и ќе бидат потсетени да ја потпишат политиката за интегритет. Брифинг сесиите ќе ги одржат Претседателката/ членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата и претставници од одделот за демократизација во Мисијата на ОБСЕ. | 1. Презицирање на термини за регионалните средби со градоначалниците | ОБСЕ/ДКСК | Мај 2024 |
| | 2. Резервирање на хотели за регионалните средби | ОБСЕ | Мај 2024 |
| | 3. Испраќање на покани и воспоставување на директни контакти за потврда на присуство | ДКСК | Јуни 2024 |
| | 4. Одржување на 4 регионалните средби со градоначалници | ОБСЕ/ДКСК | Јун-сеп 2024 |

| **Активност 2. Поддршка на имплементацијата на елементите на системот за интегритет во единиците на локалната самоуправа** | | | |
|---|---|---|---|
| Мисијата и ДКСК дополнително ќе ги поддржат локалните администрации за зајакнување на системот на интегритет. Ќе бидат ангажирани технички експерти и ќе се организираат четири дводневни обуки за службениците за интегритет и административниот персонал, покривајќи ги сите елементи на политиката за интегритет и помагајќи да се надминат предизвиците во спроведувањето. Дополнително, ќе биде изготвен Прирачник за спречување судир на интереси во ЕЛС, во кој ќе бидат презентирани клучните прашања и одговори процесирани во ДКСК за локалните службеници кои бараат појаснување за вистински, потенцијален или привиден конфликт на интереси во различни области. Публикацијата ќе биде објавена на три јазици и поставена на веб-страниците на ОБСЕ и ДКСК. | 1. Продуцирање на ТоР за ангажирање на експерти за претстојните обуки за елементите на системот на интегритет во ЕЛС и прирачникот за судир на интереси во ЕЛС | ОБСЕ / ДКСК | Март 2024 |
| | 2. Прецизирање на термини и динамика за одржување на регионалните обуки за елементите на системот за интегритет и резервирање на хотели | ОБСЕ / ДКСК | Мај – Авг 2024 |
| | 3. Избор на експерти од ростерот на експерти на ОБСЕ за елементите на системот на интегритет и склучување на договори | ОБСЕ / ДКСК | Јуни 2024 |
| | 4. Подготвување на курикулум и презентации за обуките за елементите на системот за интегритет и нивно одобрување од ДКСК и ОБСЕ | Избрани експерти / обучувачи | Јул - Авг 2024 |
| | 5. Одржување на 4 регионални обуки за елементите на системот за интегритет | ОБСЕ/ДКСК/ експерти | Сеп - Окт 2024 |
| | 6. Договарање на структура на Прирачникот за спречување на судир на интереси со избраниот експерт од ростерот на експерти на ОБСЕ | ОБСЕ/ДКСК/ експерти | Мај 2024 |
| | 7. Изработка на прирачникот за судир на интереси | Експерт(ка) | Јун~~/~~ - Авг 2024 |
| | 8. Превод на прирачникот на албански и англиски, и лектура на мак/алб/анг | Компанија / ОБСЕ | Сеп – окт 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 9. Дизајн на публикација и објавување на веб на ДСКС и ОБСЕ | Компанија / ОБСЕ | Окт – ное 2024 |
| **Активност 3. Родова анализа на Државната комисија за спречување на корупцијата** | | | |
| Мисијата ќе ја поддржи ДКСК за првпат да спроведе активности за вградување на родовата компонента во креирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на антикорупциските политики и работата на ДКСК. Во 2024-та година ќе се спроведе родова анализа на Државната комисија за спречување на корупцијата, што ќе претставува прва родова анализа на ова антикорупциско тело во Северна Македонија и поширокиот регион. Родовата анализа на ДКСК ќе се заснова на прилагодена Методологија за вклучување на родовите аспекти во работата на ДКСК, земајќи ги предвиди и насоките на УНОДЦ за вклучување на родовата перспектива во антикорупциските проекти/програми[1]. | 1. Избор и склучување на договор со национален експерт/ка за водење на процесот на родова анализа на ДКСК од ростерот на експерти на ОБСЕ | ОБСЕ | Мај 2024 |
| | 2. Изготвување на Методологија за родова анализа и нејзино одобрување | Национален експерт/ка | Јун 2024 |
| | 3. Канцелариско истражување / постоечка документација и легислатива | Национален експерт/ка | Јун/ Јул 2024 |
| | 4. Теренско истражување со внатрешни и надворешни чинители и работилница за сензитизирање на вработените и членовите на ДКСК со родовата димензија во антикорупциските политики | Национален експерт/ка / ОБСЕ / ДКСК | Сеп 2024 |
| | 5. Изготвување на анализата/ извештајот | Национален експерт/ка | Окт 2024 |
| | 6. Завршна работилница за финализирање на извештајот од родовата анализа и негово усвојување од страна на ДКСК | Национален експерт/ка / ДКСК / ОБСЕ | Окт 2024 |

[1] Mainstreaming Gender in Corruption Projects/Programmes (unodc.org)

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 7. Превод на извештајот на албански и англиски и лектура на мак/алб/анг | Компанија / ОБСЕ | Ное 2024 |
| **Активност 4. Обука за родова еднаквост за Координаторите за еднакви можности во ДКСК (без буџетски импликации)** | | | |
| Врз основа на барањето пристигнато од ДКСК, Мисијата ќе спроведе програма за воведна обука на темата родова еднаквост и родовите аспекти на корупцијата. Обуката ќе ја спроведат вработени од Мисијата на ОБСЕ за потребите на координаторката и заменик координаторот за родова еднаквост во ДКСК. Пред испорачувањето на обуката, вработените од Мисијата ќе спроведат проценка на потребите за обука.<br>Оваа активност ќе претходи на спроведувањето на првата родова анализа на ДКСК во втората половина на 2024 година. | 1. Координативен состанок за договарање на динамиката на програмата за обука со претставниците на ДКСК | ОБСЕ /ДКСК | Март 2024 |
| | 2. Спроведување на проценка на потребите за обука | ОБСЕ | Апр 2024 |
| | 3. Дизајнирање на програмата за обука | ОБСЕ | Мај 2024 |
| | 4. Спроведување на програмата за обука | ОБСЕ / ДКСК | Јун - Сеп 2024 |
| | 5. Изготвување на извештај со научени лекции и акциски план за вградување на родовата перспектива во работењето на ДКСК | ОБСЕ/ДКСК | Окт 2024 |